Тековни Проекти финансирани со заеми од Светска банка во Република Македонија

состојба на 03.07.2014 година

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на заем (Мил. Евра) | Година На Почеток на Проектот | Година на завршу-вање на Проектот |
|---|---|---|---|---|
| **Проект за развој на вештини и иновации** | Со реализацијата на Проектот ќе се спроведат реформи во високото образование, како и зајакнување на институционалните капацитети на универзитети кои ќе придонесат за квалитетно и ефикасно високо образование кое ќе одговара на потребите на приватниот сектор и општеството. Воедно, ќе се зајакне квалитетот на стручното образование со цел прилагодување на потребите на пазарот на трудот. Поточно, со реализацијата на овој проект ќе се дефинираат потребните стручни вештини и нивно усовршување уште во текот на образовниот процес, односно усовршување на оние вештини кои им се потребни на младите во текот на нивната работа. Исто така, ќе се овозможи подобрување на иновацискиот капацитет на компаниите преку подобар пристап до вештини, знаење и технологија. | 17,7 | 2014 | 2019 |
| **Луково Поле и довод на корабски води - претходни и подготвителни работи** | Со реализација на овој проект ќе се намали увозот на електрична енергија со што на тој начин ќе се намали и одливот на парични средства надвор од границите на државата, кои понатаму може да се искористат за финансирање на други проекти во енергетскиот сектор. | 3 УСД | 2011 | 2014 |
| Проект за АД МЕПСО - ECSEE APL 3 | Целта на Проектот е да се поддржи функционирањето на АД МЕПСО во контекстот на регионалниот пазар на енергија преку финансирање инвестиции потребни да се рехабилитира и надгради електропреносната мрежа, да се подигне нивото на интерконекција со соседните електроенергетски системи и да се зајакнат институционалните капацитети на АД МЕПСО. | 20,7 | 2006 | 2015 |
| Проект за АД МЕПСО - **дополнително финансирање** | Целта на Проектот е да се поддржи функционирањето на АД МЕПСО во контекстот на регионалниот пазар на енергија преку финансирање инвестиции потребни да се рехабилитира и надгради електропреносната мрежа, да се подигне нивото на интерконекција со соседните електроенергетски системи и да се зајакнат институционалните капацитети на АД МЕПСО. | 14 | 2011 | 2015 |
| **Подобрување на општинските услуги-** МСИП | Развојната цел на овој проект е да се подобри транспарентноста, финансиската одржливост и испорака на целни општински услуги во општините учеснички во проектот. | 18,9 | 2009 | 2017 |
| **Проектот за подобрување на општинските услуги-дополнително финансирање** | Подобрување на перформансите на урбаните економии и квалитетот на управувањето на општинско ниво преку обезбедување на соодветна финансиска и советодавна поддршка на повеќе општини и нивните јавни претпријатија како во делот на подобрување на комуналните услуги така и во делот на унапредување и | 37,2 | 2012 | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | зајакнување на општинските функции и надлежности. | | | |
| | | | | |
| | | 15 | 2007 | 2012 |

| Назив на проект | Краток опис | Мил. Евра | Фин. година на договор | Год. на конечна реализа-ција |
|---|---|---|---|---|
| **Дополнително финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација** | Подобрување на доставата на јавните услуги во секторот на катастарот на недвижности и регистрација на права кој директно влијае врз економскиот развој преку пазарот на недвижности. Воедно, ќе се обезбеди и поддршка на Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии и нејзините подрачните одделенија со тоа што ќе се овозможи на Управата да се здобие со современи услови за извршување на своите надлежности, а корисниците на услуги да ги користат благодетите од значително поквалитетните и поефикасни услуги. | 9 | 2010 | 2015 |
| **Проект за подобрување на постоечката регионална и локална мрежа** | Реконструкција и инвестиционо одржување на регионалната и локалната мрежа во Република Македонија, како и зајакнување на институционалните капацитети за спроведување на Проектот. | 70 | 2008 | 2015 |
| **Проект за условени парични трансфери** | Зајакнување на ефективноста и ефикасноста на мрежата за социјална заштита преку: (а) воведување на условени парични трансфери и (б) подобрувања во администрацијата, надзорот, следењето и евалуацијата на трансферите на социјална помош. | 19,3 | 2009 | 2015 |